Самостоен синдикат за
образование, наука и култура
на Република Македонија
**- СОНК -**

Sindikata e Pavarur për
arsim, shkencë dhe kulturë
e Republikës së Maqedonisë
**- SASHK -**

**Архивски број: 08-8/1**
**Датум: 18.01.2023 година**

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, по извршената темелна анализа на Предлог – Законот за системот на плати во јавниот сектор, на својата 18-та редовна седница, одржана на 18.01.2023 година, едногласно ги донесе следните

# К О Н С Т А Т А Ц И И

1. Предлог – Законот за системот на плати во јавниот сектор е противуставен, дискриминирачки, спротивен на интересите на работниците и не дава можност за колективно преговарање за утврдување на висината на платите и надоместоците на плата на работниците.

2. Со овој предлог - закон се елиминира можноста за уредување на платите и надоместоците со колективен договор, а тоа би значело нивно постепено укинување, бидејќи одредбите од овој предлог - закон се задолжителни при утврдување на платите и надоместоците на платите за сите вработени во јавниот сектор.

Колективните договори ќе доживеат огромно потиснување и само формално ќе фигурираат во законодавството.

Ова е сосема спротивно на Уставот на РСМ кој што вели дека *„....Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори....”*

3. Со овој предлог - закон, под систем на плати се подразбира збир на правила кои се задолжителни за утврдување на платите на сите вработени во јавниот сектор, што е спротивно на европските и меѓународните правила за социјален дијалог и колективно договарање.

4. Утврдувањето и исплатата на дополнителните компоненти на плата и надоместоците на плата ќе зависат од тоа дали се обезбедени средства во буџетот на работодавачите од јавниот сектор за таа намена.

Дали тоа значи дека за работа утврдена со закон, истиот предвидува и можност да не му се плати на работникот и тоа да е легално?

5. Платите и надоместоците може да бидат ограничени и намалени под услови утврдени со овој закон, што значи дека синдикатите и колективните договори не би биле во функција да ги штитат работничките права, што би можело да ги доведе работниците во положба на правна несигурност.


Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК
Ул. „Мацир Маало“ бр. 36, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3115 011
www.sonk.org.mk
sonk@sonk.org.mk

6. Методологијата за анализа на работните места и класификација на работните места се уредува со Уредба на Владата на РСМ што би значело дека синдикатот нема удел во овие процеси.

7.Вредноста на бодот за пресметка на плати, согласно овој предлог - закон, ќе биде определена унилатерално, со Одлука од страна на Собранието, на предлог на Владата и повторно не се остава простор за социјален дијалог во врска со утврдување на неговата вредност.

8. Висината на платата ќе зависи и мора да биде во согласност со коефициент на максимален износ на плати, за кој Собранието донесува Одлука за негово утврдување, исто така на предлог на Владата, а врз основ на стратешки утврдени приоритети за секоја година.

И повторно, без консултации со синдикатот.

9. Коефициентот на корекција на плата, за кој Собранието донесува Одлука за негово утврдување, може да се донесе секогаш кога е прогласена воена, вонредна и кризна состојба. Тоа би значело законска можност за намалување на платите, без консултација и дијалог со синдикатите.

10. Овој предлог – закон содржи елементи на дискриминација бидејќи постои разликување и ограничување на вработените во однос на платата и надоместоците на плата.

Некои одредби од овој закон важат само за одредена категорија на работници во јавниот сектор, што е класична дискриминација.

11. За време на штрајк, вработените имаат право на плата во износ утврден со општите прописи за работни односи, што е спротивно на веќе постоечките колективни договори, каде ова право е веќе уредено.

12. Овој закон претставува обид на Владата да ги намали правата на работниците односно стихијно да ги укине веќе утврдените права со постоечките колективни договори.

13. Новата методологија за пресметка на платите во јавниот сектор е во спротивност со дел од колективните договори и посебните закони. Предложената методологија е неуставна, незаконска и со неа ќе продолжи процесот на урамниловката на плати.


Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК

Ул. „Маџир Маало“ бр. 36, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3115 011
www.sonk.org.mk
sonk@sonk.org.mk

Советот на СОНК, врз основа на донесените Констатации, а согласно член 53 од Статутот на СОНК, едногласно ги усвои следните

## З А К Л У Ч О Ц И

1. Врз основа на претходно донесените Констатации, Советот на СОНК заклучи дека овој предлог – закон претставува преседан во македонското законодавство, со кој грубо се крши Уставот на РСМ, законите, Конвенциите на МОТ, потпишани и ратификувани од РМ, меѓународни конвенции за право на колективно преговарање и колективни договори.

2. Советот на СОНК бара итно и безусловно повлекување на предлог – законот од страна на предлагачот, се додека не се направи нацрт – закон кој ќе биде изработен во партнерски однос со претставниците на синдикатите, работодавачите и Владата.

Советот на СОНК бара да се изработи закон кој ќе биде прифатлив за сите засегнати страни, односно за работниците, работодавачите и државните органи. Впрочем, вакви закони за плати во јавниот сектор веќе постојат во други држави и не постои пречка да се извлечат најдобрите формулации од нив, како би се прилагодиле на нашите правни прописи и би допринеле за изготвување на закон каков што заслужуваме. Во спротивно, работниците предводени од синдикатите ќе дадат жесток отпор на носење на ваков закон - спротивен на нашите интереси, за што веќе се изјасни и повеќето синдикати во нашата држава.

**Претседател,**
**Јаким Неделков, с.р.**


Самостоен синдикат за
образование, наука и култура на
Република Македонија - СОНК

Ул. „Маџир Маало“ бр. 36, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3115 011
www.sonk.org.mk
sonk@sonk.org.mk